Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР
Бр. 01-194/3
25-10-2024 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје<br>Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје |
| **Седиште**<br>**Контакт информации** | Бул. 16-та Македонска бригада бр.3, п.фах 223, 1000, Скопје |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Декан,<br>Проф. д-р Ѓорги Груевски,<br>dekan@fdtme.ukim.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | / |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | **2023/24** |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | / |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Скопје, 25.10. 2024

МП

овластено лице на установата
ДЕКАН

Проф. д-р Ѓорги Груевски

Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје |
| **Седиште** | Бул. 16-та Македонска бригада бр.3, п.фах 223, 1000, Скопје |
| **Контакт информации** | |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Декан,<br>Проф. д-р Ѓорги Груевски,<br>dekan@fdtme.ukim.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | / |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | **2023/24** |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | / |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Скопје, ________ 2024 МП овластено лице на установата

ДЕКАН

Проф. д-р Ѓорги Груевски

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје |
| Седиште | Бул. 16-та Македонска бригада бр.3, п.фах 223, 1000, Скопје |
| Веб страница | www.fdtme.ukim.edu.mk |
| Мисија и визија на установата | Основната мисија на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер е преку едукација да создава висококвалификувани инженерски кадри за индустријата за производство на мебел и обработка на дрво и индустријата за дизајн на менел и ентериер.<br>Главна цел и задача е обезбедување на квалитетно образование и создавање на инженерски кадри преку проучување на достигнувањата во науката, технологиите и дизајнот, примена на искуството на водечките земји во овие области. Преку активни истражувачки и развојни активности се гарантира успешна конкурентна професионална реализација.<br>Развивање, одржување на квалитетот и контрола на наставата, преку евалуација согласно Законот за високо образование, и тоа: надворешна евалуација, самоевалуација, како и системот на оценување на квалитетот на наставниот кадар.<br>Самоевалуација ја врши Комисијата за самоевалуација на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје на интервали од најмногу три години, за што поднесува соодветни извештаи. Во постапката за самоевалуација се зема предвид и оценката од страна на студентите.<br>Обезбедувањето и одржувањето на квалитет и контролата на квалитетот на сите студиски програми се спроведувани во согласност со активности и механизми кои се се однесуваат на сите учесници во наставниот процес на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.<br>Наведените активности и механизми на самоевалуација се однесуваат на:<br>• развојот на наставните содржини,<br>• реализацијата на наставниот процес,<br>• оценувањето на студентите,<br>• изработката на дипломска работа,<br>• оценка на квалитетот на наставата од страна на студентите со анкети на крајот од секој семестер за секој предмет,<br>• оценка на квалитетот на студиската програма од страна на студентите при доделување на дипломата и други процедури кои се однесуваат на ресурсите и<br>• логистиката на наставниот процес.<br>Евалуација од страна на студентите на секој предмет, како и за студиската програма воопшто, се реализира постојано и ќе биде земена во предвид при евалуацијата и развојот на студиската |

| | |
|---|---|
| | програма за дизајн и технологии на мебел и ентериер.<br>https://archive.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=5&glavno=1 |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | јавна |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | Акредитација на установата:<br>Последната акредитација на студиските програми од прв циклус студии на ФДТМЕ е направена во 2023 година со две студиски програми, односно студиска програма Дизајн на мебел и ентериер:<br>http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/akreditacija_DME_prvciklus-2023.pdf<br>и Инженерство на мебел и дрво:<br>http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/akreditacija_IMD_prvciklus-2023.pdf<br>Оваа акредитација започнува да важи од учебната 2023/24 година и е со важност од 5 години.<br><br>Студиските програми на втор циклус на студии исто така се акредитирани во 2023 година, акредитацијата важи од учебната 2023/24 година и е со важност од 5 години.<br>Вториот циклус студии е со една студиска програма Дизајн и технологии на мебел и ентериер. Студентот напредува и се насочува преку изборноста на предметите.<br>http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/akreditacija_DTME_vtorciklus-2023.pdf<br><br>Студиски програма на трет циклус на студии Дизајн и технологии на мебел и ентериер е акредитирана во 2019 година, отпочнува со важност од учебната 2019/20 година и е со траење од 5 години. Конципирана на ист начин како и вториот циклус студии, односно студентот напредува и се насочува преку изборноста на предметите:<br>http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/akreditacija_DTME_tretciklus.pdf<br><br>Во почетокот на 2024 година, до Одборот за акредитација е поднесен нов Елаборат за трет циклус студии, односно реакредитација на постојниот. Се очекува решението за акредитација да важи од јануари за учебната 2024/25 година. |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | Наставно-научниот кадар на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, содржи 14 вработени, односно 12 редовни професори, 1 доцент и 1 асистент. |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Во учебната 2023/24 година на Факултетот студираат 429 студенти на прв циклус студии,  13 студенти на втор циклус студии и 10 студенти на трет циклус студии. |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер–Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје е основан на 26 април 2010 година со посебен закон донесен во Собранието |

| | |
|---|---|
| | на Република Македонија.<br>Факултетот е следбеник на петдецениската традиција на студиите од областа на дрвната индустрија, механичката технологија на дрвото и проектирање на мебел и ентериер што до учебната 2009/10 година се организираа во рамките на студиските програми на Шумарскиот факултет во Скопје, восостав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.<br>Факултетот за дизајн и технологија на мебел и ентериер претставува единствена високообразовна и научно–истражувачка установа од областа на технологијата на дрво и дизајн на мебел и ентериер.<br>Според наставно-образовната и научно-истражувачката работа, Факултетот спаѓа во групата на технички факултети.<br>Во образовниот процес на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер се организираат четиригодишни додипломски студии од прв циклус, едногодишни (постдипломски студии) од втор циклус и трети циклус на студии - докторски студии.<br>Со завршување на додипломските студии, студентот се стекнува со звањето Дипломиран инженер по дрвна индустрија со назнака на студиската програма, односно:<br>• Инженерство на мебел и дрво<br>• Дизајн на мебел и ентериер<br>Во склоп на Факултетот постои Лабораторија за тестирање на мебел која функционира од 2011 година и единствена од таков вид во регионот.<br>Факултетот е сместен во зградата на Факултетот за земјоделски науки и храна, во источниот дел на Скопје, во населбата Автокоманда, на адресата Ул. 16-та Македонска бригада бр.3. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | 1. Вкупна површина на просторот за изведување настава (бруто простор-простор за изведување настава и придружни простории)-3540m$^2$<br>2. Вкупна површина на просторот за изведување настава (нето простор)-2476 m$^2$<br>3. Број на амфитеатри-2 со вкупно 300 седишта.<br>4. Број на предавални-9 со вкупно 410 седишта.<br>5. Број на компјутерски училници-2 со вкупно 30 компјутерски места.<br>6. Број на лаборатории за изведување практична настава-8.<br>7. Читална со вкупен број на седишта-50<br>8. Библиотека со вкупен број седишта-50<br>9. Лабораторија за тестирање на мебел (ЛТМ)- 500m$^2$ |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | 1. Факултетот во последните 5 години изработи Елаборати за прв, втор и трет циклус студии. Елаборатите за прв и втор циклус студии се реакредитирани, додека Елаборатот за трет циклус е во постапка за реакредитација. Значајно е да се напомене дека студиските програми се прилагодени кон студиските програми од соодветните факултети од регионот и пошироко.<br>2. Обезбедени и делумно опремени се уште 3 простории за практична настава (вежби) на студентите.<br>3. Во лабоaccess за тестирање на мебел е извршена калибрација на уредите. Важно е да се напомене дека Лабораторијата за тестирање на мебел при Факултетот е единствена од таков вид на Балканот. Лабораторијата досега има |

| | |
|---|---|
| | акредитирано 43 методи за тестирање. Оваа година се воведени уште 2 (две) методи за тестирање. Во наредниот линк е прикажана последната акредитација на Лабораторијата за тестирање на мебел:<br>..\SAMOEVALUACIJA-2024\DOKUMENTI\Акредитација на Лабораторија за тестирање 31.07.2024.pdf |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | ПРЕДИЗВИЦИ:<br>-Подигнување на квалитетот на образование и услуги.<br>-Формирање на нови лаборатории и доопремување на постојните.<br>-Заокружување на процесот на формирање сопствена библиотека и набавка на стручна и научна литература.<br>-Следење на европските трендови од областа на наставата, вежби и пракса во стопанството.<br>-Повторно воведување на теренска настава.<br>-Одржување на бројот на запишани студенти.<br><br>НЕДОСТАТОЦИ:<br>-Мал број на наставен (13), соработнички (1), административен и помошен кадар, иако Факултетот постојано доставува барања до званичните институции. Вкупно вработени на Факултетот се 25, а бројот на активни студенти просечно годишно изнесува околу 500.<br>-Недостаток на финансиски средства за опремување на лабораториите во склоп на Факултетот.<br>-Недоволен одговор на членовите на алумни заедницата.<br>-Низок број на обуки на наставниот кадар<br>-Недоволна мобилност на студентите<br>-Недоволна мобилност на наставниот кадар<br>-Немање можност на лица со физичка попреченост да пристапат до наставните простории и административните служби (потреба од лифт). Пристап (коса рампа) има само до високото приземје на Факултетот. |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна. |

Политиката за квалитет на Факултетот за Дизајн и технологии на мебел и ентериер е длабоко поврзана со Етичкиот кодекс и Стратешкиот план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (линкови).
Во Етичкиот кодекс се одредуваат задачите на институциите, Позицијата на Универзитетот а со тоа и на Факултетот, односите на академските дејци,етичките вредности, етиката во науката и наставата, соработката и одговорностите, грижа за подмладокот и социјалните прашања (Прилог 1.1.А.)

Во Стратегискиот план се дефинирани 5 основни стратегиски области (Прилог 1.1.Б.):
-Настава и студенти;
-Наука, иновации и уметности;
-Меѓународна соработка;
-Финансии и развој;
-Општествената улога и позицијата на УКИМ во општеството, и
Три области за поддршка на процесите:
-Дигитализација на УКИМ и подготовка за дигитална трансформација;
-Финансиска, кадровска и функционална автономност;
-Поддршка на развојот на административниот кадар.

Како оценка за квалитетот на наставата се студентските анкети. Тие го оценуваат процесот на настава, наставниот кадар и предложуваат начини за подобрување на наставата. Резултатите се презентираат пред Наставно-научниот Совет којшто донесува мерки за подобрување.
Исто така покрај студентските анкети се спроведуваат и анкети за наставниот и админастративниот кадар.

**Прилози**
**1.1.А.**http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/eticki_kodeks.pdf
**1.1.Б.**https://archive.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=192&glavno=1

| | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br><br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br><br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер на крајот од секој семестар спроведува студентска анкета. Анкетата е исклучиво тајна и се спроведува за сите години на прв циклус студии. Поради малиот број на студенти на втор и трет циклус студии (кои се одвиваат по менторски принцип) анкетата не се спроведува, поради нарушување на принципот на тајност.
Студентите се анкетираат по завршување на испитната сесија од секој соодветен семестар (зимски и летен),

почнувајќи од 2013 година. Прашалникот (анкетата) е стандардизиран за сите нејзини единки според моделот предложен во Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот („Универзитетски гласник“, бр. 244, од 30 април, 2013).
Од 2024 година постои нов модел на анкета која се спроведува преку платформата iknow, и ги содржи следните прашања: подготвеност за предавања и вежби, квалитет на настава, редовност на настава и рационално искористување на време, достапност за консултации, однос кон студент, обезбеденост на соодветен материјал за учење и објективност при оценувањето.

**Прилози**
**1.2.А.**DOKUMENTI\STANDARD 1\1.2. Anketa uslovi za studiranje 18122023.pdf
**1.2.Б.**DOKUMENTI\STANDARD 1\1.2. Годишен извештај од декан и активности.pdf

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Управата на Факултетот заедно со Наставно научниот совет се посветени на унапредувањето и развојот на наставниот процес. Пратењето на студиските програми на другите институции од регионот и пошироко придонесува кон нивно континуирано подобрување. Секако, се грижи и за потребите на Стопанството со брзо прилагодување и одржување на средби, обуки и семинари (Прилог 1.3.А. до Прилог 1.3.И.)
Правилната координација помеѓу сите засегнати страни допринесува за подобрување на образовниот квалитет.
Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции во процесот.
Факултетот, во насока на подобрување на квалитетот на образованието, на својата веб страна ги има прикачено сите потребни документи и барања. Студентот го пополнува документот-барањето и може да го испрати по интернет.
Факултетот постојано организира средби со стопанството. Во летниот семестар 2024 организирани се 5 (пет) регионални средби. Точки по кои е разговарано се: 1. Стручна помош при изработка на апликации, 2. Изготвување на елаборати за заштита при работа и екологија, 3. Стипендирање на редовни студенти и изведување на практична настава и други теми поврзани со подготовка (обучување) на дипломираните инженери за прашања кои произлегуваат од работното место. (Прилог 1.3.Ж. до Прилог 1.3.И.).
Извештаи со одржаните средби со препораки се дадени во Прилог 1.3.И. до Прилог 1.3.И.

**Прилози**
**1.3.А. ..\SAMOEVALUACIJA-2024\DOKUMENTI\STANDARD 1\1.3.А. ЦИРДИ - Извештај 2017.pdf**
**1.3.Г. DOKUMENTI\STANDARD 1\1.3.ПОКАНА ЗА СРЕДБА - Струмица ....pdf**
**1.3.Д. DOKUMENTI\STANDARD 1\1.3. ПОКАНА ЗА СРЕДБА -Виница.pdf**
**1.3.Ѓ. DOKUMENTI\STANDARD 1\1.3. ПОКАНА ЗА СРЕДБА - Охрид...pdf**
**1.3.Е. DOKUMENTI\STANDARD 1\1.3. ПОКАНА ЗА СРЕДБА - Кавадарци.pdf**
**1.3.Ж. DOKUMENTI\STANDARD 1\1.3. ПОКАНА ЗА СРЕДБА - Скопје ....pdf**
**1.3.З. DOKUMENTI\STANDARD 1\1.3. ЗАПИСНИК - Струмица.pdf**
**1.3.S. DOKUMENTI\STANDARD 1\1.3. ЗАПИСНИК -Виница.pdf**
**1.3.И. ..\SAMOEVALUACIJA-2024\DOKUMENTI\STANDARD 1\1.3.И. ЦИРДИ - Извештај 2024.pdf**

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Образовниот квалитет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер се обезбедува со постојаните студентски анкети спроведувани од Комисијата за самоевалуација. Резултатите од анкетата ги разгледува

Советот за квалитет којшто предложува мерки за подобрување. За негативните појави, Советот предложува начини за нивно намалување или целосно отстранување.
Комисијата за самоевалуација (Прилог 1.4.А.) е составена од 7 члена, од кои 5 наставници и 2 студенти. Наставниот кадар има мандат од 4 години, додека студентите 1 година без право на реизбор. Задачата на оваа комисија е да изврши проценка на функционалноста и ефикасноста на системот за обезбедување на квалитетот при Факултетот.
Советот за квалитет (Прилог 1.4.Б.) е составен од 5 члена: 3 наставници, 1 студент и 1 претставник од стопанството. Наставниците и претставникот од стопанството имаат мандат од 3 години, а студентот мандат од 2 години. Советот за квалитет изготвува Предлог-акциски план за обезбедување на квалитет кој го доставува до Наставно-научниот совет. После донесувањето на акцискиот план Советот за квалитет, ја следи реализацијата и после една година поднесува Извештај за реализација на акцискиот план.
Во рамките на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер функционира Одборот за доверба и соработка со стопанството, составен од 5 члена: 2 члена од редот на наставниот кадар, . Одборот дава свое мислење за Елаборатите од прв, втор и трет циклус студии, како и Извештајот на Комисијата за самоевалуација на Факултетот. Предлозите за прв, втор и трет циклус студии, како и Извештајот на комисијата за самоевалуација заедно со мислењето на Одборот за доверба и соработка со стопанството, се разгледуваат и гласаат на Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Прилози**
**1.4.А.** ..\SAMOEVALUACIJA-2024\DOKUMENTI\STANDARD 1\1.4.А. Одлука за Комисија за самоевалуација.pdf
**1.4.Б.**DOKUMENTI\STANDARD 1\1.4. Одлука за состав на Совет на квалитет ФДТМЕ (2).pdf
**1.4.В.**DOKUMENTI\STANDARD 1\1..4. Записник од I-ва седница 2024-Совет за квалитет.pdf
**1.4.Г. ..\SAMOEVALUACIJA-2024\DOKUMENTI\STANDARD 1\1.4.Д. Мислење за прв циклус ИМД ОСДЈ.pdf**
**1.4.Д. ..\SAMOEVALUACIJA-2024\DOKUMENTI\STANDARD 1\1.4.Г. Мислење за прв циклус ДМЕ ОСДЈ.pdf**
**1.4.Ѓ. ..\SAMOEVALUACIJA-2024\DOKUMENTI\STANDARD 1\1.4.Ѓ. Мислење за втор циклус студии ОСДЈ.pdf**
**1.4.Е. ..\SAMOEVALUACIJA-2024\DOKUMENTI\STANDARD 1\1.4.Е. Мислење за трет циклус студии ОСДЈ.pdf**

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните 5 години.<br><br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите.<br><br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните 5 години. |

Факултетот врз основа на анализата на студиските програми, наставно-образовната дејност, научно-истражувачката работа, студентските анкети, просторните и материјални ресурси, надворешната соработка, финансирањето и др. прави проценка изразена преку заканите, можностите, слабостите и предностите (Прилог 1.5.А.).
Само на овој начин можат и се предлагаат мерки за нивно подобрување, намалување или целосно отстранување. При изминатите самоевалуации препораките биле во суштина исти, односно дадени се следните: зголемување на просторот за настава и вежби, обнова на постоечката опрема, зголемување на средствата за научна дејност, зголемување на наставно-научниот кадар, зголемување на меѓународната соработка, зголемување на соработката со стопанството и др.
Врз основа на овие препораки по сите точки е постигнат напредок.

**Прилози**
**1.5.А.**http://www.fdtme.ukim.edu.mk/dokumenti/FDTME-izvestaj-samoevaluacija-2017-2020.pdf

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

| | |
|---|---|
| надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | |
| Во изминатиот период не е спроведена надворешна евалуација. | |
| **Прилози** | |

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

## Стандард 2

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;</td></tr>
<tr><td colspan="2">Сите три циклуси студии се акредитирани според важечките законски прописи во државата.<br>Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер постапува според Правилниците за студирање за прв, втор (Прилог 2.1.А.) и трет циклус на студии (Прилог 2.1.Б.) според Законот за високо образование и Правилниците за прв, втор и трет циклус студии донесени од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.<br>Акредитациите за сите три циклуси студии се спроведуваат на секоја петта година, а постапката отпочнува најмалку една година пред истекот на последната акредитација.<br>Во Прилогот 2.1.А. е прикажан Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.<br>Во Прилогот 2.1.Б. Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>2.1.А.https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/Pravilnik-I_i_II_ciklus-Glasnik_413-2018.pdf<br>2.1.Б.https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/Pravilnik-III_ciklus-31.12.2020-glasnik_530.pdf</td></tr>
<tr><td>2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.</td><td>Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студиските програми на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер се единствени програми во државата кои овозможуваат стручно и професионално образување на кадри од областана дизајнот на мебелот и ентериерот, технологиите за производство на мебел и производи од дрво, видовите конструкции, како и од областа на подготовката, организацијата и економиката во дрвната индустрија.<br>Сите студиски програми се така креирани и насочени кон студентот со цел да го обезбедат со знаење, способност и вештини кои одговараат на профилот на студиската програма и звањето кое го стекнува после дипломирањето.<br>Студиските програми од прв циклус студии: Дизајн на мебел и ентериер и Инженерство на мебел и дрво, од втор циклус студии: Дизајн и технологии на мебел и ентериер и трет циклус студии: Дизајн и технологии на мебел и ентериер се одлично конструирани. Користени се искуствата од регионот двонасочно. Студентите во текот на образовниот процес, на сите три циклуси студии покажуваат дека се способни да ги проектираат своите знаења во стопанството. Како потврда за вредноста на студентите е нивното стипендирање, кое започнува од учебната 2024/25 година, а тоа се 9 стипендии од компании во државата. Тоа е резултат на континуираните средби Факултет/Стопанство и желбата за задржување на квалитетниот инженерски кадар.</td></tr>
</table>

Кај сите предметни програми од прв, втор и трет циклус студии, се наведени целите на предметната програма, со какво знаење се стекнува студентот по завршување на студиите, содржината на предметната програма (задолжителен или изборен предмет), методи на учење, начин и критериум на оценување, методи на следење на наставата со јасно наведена основна и дополнителна литература.

**Прв циклус студии:**
Студиските програми од прв циклус студии овозможуваат создавање инженерски кадри кои се компетентни за развој на компаниите, развој, проектирање и конструирање на разновиден современ мебел, кои ќе располагаат со фундаментални знаења потребни за понатамошно образование во втор и трет циклус студии и следење на технолошкиот развој во областа на дизајнот на мебелот и ентериерот. Програмите овозможуваат образување на идните инженери и нивно оспособување за примена на стекнатите фундаментални знаења од областа на инженерство на мебел и дрво, дизајнот на мебелот и ентериерот и останатите основни дисциплини за формулирање и решавање на инженерски проблеми, користење на инженерски пристап и современи софтверски алатки во инженерската практика, за интерпретирање и анализирање резултати од нивната работа, за унапредување на знаењето и следење на развојот на дизајнот и дрвната технологија.
Студиската програма Инженерство на мебел и дрво ги вклучува најважните аспекти на дрвните технологии и производството на мебел, но и други задолжителни и изборни дисциплини со што на студентите им се овозможува да се образуваат согласно со нивните афинитети и актуелни потреби на стопанството. Студентите од оваа програма ќе се здобијат со потребните знаења од областа на Инженерството на мебел и дрво, односно знаења за дрвната материја и нејзината градба, механичката и хемиската преработка и обработка на дрвото, резните алати, машините и уредите за преработка на дрвото, хидротермичките процеси во сушењето и парењето на дрвото, производството на фурнири и дрвени плочи, дрвното градежништво, површинската и финалната обработка на дрвото, производството на мебел, конструирањето на мебел, организацијата и управувањето со производството и производните процеси во дрвната технологија.
Студиската програма ќе овозможи создавање кадри кои по дипломирањето ќе станат дел од дрвната индустрија, пред се во рамките на компаниите за преработка на дрвото и производството на мебел, како и трговија на производи од дрво и мебел.
Студиската програма Дизајн на мебел и ентериер ги вклучува најважните аспекти на дизајнот на мебелот и ентериерот, како и производството на мебел и ентериери, но и други задолжителни и изборни дисциплини, со што на студентите им се овозможува да се образуваат согласно нивните афинитети и актуелните потреби на стопанството. Студентите на оваа студиска програма ќе се здобијат со потребните знаења од областа на дизајнот на мебелот и ентериерот, односно знаења од областа на внатрешно уредување на животниот и работниот простор, нивна организација, елементите на проектирање, историјата на уметноста, како и неопходни знаења за дрвото, дрвните и недрвните материјали, преработката на дрвото и технологиите за производство на мебел и ентериер.
Студиските програми за прв циклус студии за првпат се акредитирани во 2013 година, а се изведувале од учебната 2013/14 година, вторпат во 2018 година, а се изведувале од учебната 2018/2019 година (Прилог 2.2.В. и Прилог 2.2.Г.), и последната реакредитација е во 2023, а се изведуваат од учебната 2023/24 година. Во сите три Елаборати за акредитација егзистираат по две студиски програми, и тоа:
- Инженерство на мебел дрво (Прилог 2.2.А.) и
- Дизајн на мебел и ентериер (Прилог 2.2.Б).

Студиските програми од прв циклус студии од 2013 година до денес имаат претрпено значајни промени, со цел, мобилноста на студентите во регионот и Европа да биде што полесна, попрактична и препознатлива. За потенцирање е дека се воведени предмети: Практична работа 1, Практична работа 2 и Практична работа 3. Воведувањето на изборни предмети, околу 30% во однос на вкупниот број предмети, допринесува за зголемување на фокусот на студентот во неговото формирање на знаење и вештини.
Предметните програми (силабуси) за првиот циклус студии се прикажани во Прилог 2.2.Д. и Прилог 2.2.Ѓ.

**Втор циклус студии:**
Студиските програми за втор циклус студии за првпат се акредитирани во 2013 година, а се изведувале од учебната 2013/14 година, вторпат во 2018 година, а се изведувале од учебната 2018/2019 година (Прилог 2.2.Ж.), и последната реакредитација е во 2023 (Прилог 2.2.Е.), а се изведува од учебната 2023/24 година. Во сите три Елаборати за акредитација егзистираат само една студиска програма, и тоа: Дизајн и технологии на мебел и ентериер
Студиската програма е конципирана така што студентот преку изборноста на предметите самиот се насочува кон формата на знаење која најмногу му одговара. Овој начин на изборност на предметите се покажа како многу

практичен начин за слободно формирање на знаењето и стекнување на вештините.
Предметните програми (силабуси) за вториот циклус студии се прикажани во Прилог 2.2.З.

**Трет циклус студии:**
Студиските програми за трет циклус студии за првпат се акредитирани во 2019 година, а се изведувале од учебната 2019/20 година и Елаборатот за последната реакредитација е во завршна фаза. Во двата Елаборати за акредитација егзистира само една студиска програма, и тоа: Дизајн и технологии на мебел и ентериер (Прилог 2.2.Ѕ.).
Исто така, како за вториот циклус и оваа студиска програма е конципирана така што студентот преку изборноста на предметите самиот се насочува кон формата на знаење која најмногу му одговара. Овој начин на изборност на предметите, исто така, се покажа како многу практичен начин за слободно формирање на знаењето и стекнување на вештините.
Предметните програми (силабуси) за вториот циклус студии се прикажани во Прилог 2.2.И.

**Прилози**
**Прв циклус:**
**2.2.А.**http://www.fdtme.ukim.edu.mk/studii/prvciklus/studiska%20programa-IMD-2023.pdf
**2.2.Б.**http://www.fdtme.ukim.edu.mk/studii/prvciklus/studiska%20programa-DME-2023.pdf
**2.2.В.**http://www.fdtme.ukim.edu.mk/studii/prvciklus/studiska%20programa-IMD-2018.pdf
**2.2.Г.**http://www.fdtme.ukim.edu.mk/studii/prvciklus/studiska%20programa-DME-2018.pdf
**2.2.Д.**DOKUMENTI\STANDARD 2\2.2. Предметни програми (силабуси) за прв циклус-ДТМЕ.docx
**2.2.Ѓ.**DOKUMENTI\STANDARD 2\2.2. Предметни програми (силабуси) за прв циклус-ИМД.docx
**Втор циклус:**
**2.2.Е.**http://www.fdtme.ukim.edu.mk/studii/vtorciklus/DTME-2023-II_ciklus.pdf
**2.2.Ж.**http://www.fdtme.ukim.edu.mk/studii/vtorciklus/DTME-2018-II_ciklus.pdf
**2.2.З.**DOKUMENTI\STANDARD 2\2.2. Предметни програми (силабуси) за втор циклус студии.pdf
**Трет циклус:**
**2.2.Ѕ.**http://www.fdtme.ukim.edu.mk/studii/IIIciklus/dokumenti/DTME-2020-III_ciklus.pdf
**2.2.И.**DOKUMENTI\STANDARD 2\2.2. Предметни програми (силабуси) за трет циклус студии.pdf

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Со цел, добивање на високо образувани кадри, студиските програми се така конципирани, што во нив е проектирано долгогодишното искуство на наставниот кадар во однос на соработката со стопанството. Меѓу другото ее изработуваат разни видови проекти за нови фабрики од доменот на дрвната индустрија, проекти за реконструкција и модернизација на постојни фабрики, елаборати и експертизи.
Факултетот е во постојан контакт со компаниите од дрвната индустрија. Континуираните средби Факултет-Стопанство се одржуваат најмалку 5 пати годишно по региони (Прилог 2.3.А до Прилог 2.3.Е). Средбите се одржани по региони, односно, Струмички, Винички, Охридски, Кавадаречки и Скопски регион, во којшто активно учествуваа преку 150 компании од дрвната индустрија.
Најгорливиот проблем е заминувањето на завршените инженери во странство, поради што се јавува недостиг на интелектуален кадар. За спречување на оваа појава, Факултетот заедно со стопанствениците ја започнуваат практиката стипендирање. Како второ, како сугестија до стопанствениците е предложено стипендирање уште во почетните години од средните училишта, посебно стручните.
Во склоп на Факултетот функционира Одбор за соработка и доверба со јавноста, којшто дава позитивно мислење и сугестии при изработка на елаборатите за акредитација на прв, втор и трет циклус студии.

**Прилози:**
**2.3.А DOKUMENTI\STANDARD 1\1.3.ПОКАНА ЗА СРЕДБА - Струмица ....pdf**
**2.3.Б.DOKUMENTI\STANDARD 1\1.3. ПОКАНА ЗА СРЕДБА -Виница.pdf**
**2.3.В.DOKUMENTI\STANDARD 1\1.3. ПОКАНА ЗА СРЕДБА - Охрид...pdf**
**2.3.Г.DOKUMENTI\STANDARD 1\1.3. ПОКАНА ЗА СРЕДБА - Кавадарци.pdf**
**2.3.Д. DOKUMENTI\STANDARD 1\1.3. ПОКАНА ЗА СРЕДБА - Скопје ....pdf**
**2.3.Ѓ. DOKUMENTI\STANDARD 1\1.3. ЗАПИСНИК - Струмица.pdf**

| | |
|---|---|
| **2.3.Е.DOKUMENTI\STANDARD 1\1.3. ЗАПИСНИК -Виница.pdf** | |
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br><br>Релевантни извештаи или препораки;<br><br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

Студентите рамноправно учествуваат во Деканската управа, Наставно научниот совет, Комисијата за самоевалуација на Факултетот и др., така што учествуваат во дискусиите и како претставници на сите студенти ги пренесуваат нивните барања и искуства.
Деканската управа ја сочинуваат 7 членови: деканот, 3 продекани, 2 раководители на оддели и претседателот на Факултетското студентско собрание (Прилог 2.4.В.). Сите членови дискутираат и гласаат рамноправно, но секогаш се излегува во пресрет на студентите и нивните барања.
Наставно-научниот совет го сочинуваат 15 членови: 13 наставници и 2 студенти (Прилог 2.4.Д.).
Комисијата за самоевалуација ја сочинуваат 7 членови: 5 наставници и 2 студенти (Прилог 2.4.Г.).
Факултетот има обезбедено за студентите канцеларија, со адекватен мебел, компјутер, штампач и бесплатен интернет.
За сите прашања од наставата, во која било форма поднесени од студентите, на Деканската управа и Наставно-научниот совет, се дискутира се до изнаоѓање на заедничко решение.
Секој студент, во сандачето за пофалби и жалби, сместено во холот на Факултетот, може независно да дава свое мислење или предлози за сите прашања поврзани со наставниот процес. Сите овие мислења и предлози, озбилно се разгледуваат на Деканска управа или Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Прилози**
**Прилог 2.4.А** Вклучување на студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации) во изработка и ревидирање на студиските програми
**Прилог 2.4.Б** Листа на вклучени носители на интереси во изработка и ревидирање на студиските програми
**Прилог 2.4.В.**DOKUMENTI\STANDARD 2\2.4. Одлука за верификување мандат претседател ФСС.pdf
**Прилог 2.4.Г.**DOKUMENTI\STANDARD 2\2.4. Комисија за самоевалуација, ФДТМЕ_0001.pdf
**Прилог 2.4.Д.**DOKUMENTI\STANDARD 2\2.4. Одлука за студенти во ННС.pdf

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

Предметните програми застапени во студиските програми од прв циклус студии: Инженерство на мебел и дрво и Дизајн на мебел и ентериер, се компатибилни во голема мера со предметните програми во рамките на студиските програми застапени на Универзитетите од земјите во регионот (Шумарски факултет-Универзитет во Белград, Факултет за шумарство и дрвна технологија-Универзитет во Загреб). Предметите од студиските програми на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер од областа на примарната преработка на дрвото, анатомија и технички својства на дрвото, дрвените композитни материјали, машини за обработка на дрвото, енергетиката и внатрешниот транспорт, технологија на финалното производство, конструкции и подготовка на производството, економика и организација во дрвната индустрија се соодветни на голем дел од предметите застапени на студиите по Дрвна индустрија и Обликување на производи од дрво при Универзитетот во Загреб, Факултет за шумарство и дрвни технологии (https://www.sumfak.unizg.hr/hr/studiji/studij-drvne-

**4.4.А.**https://dejure.mk/zakon/pravilnik-za-sodrzhinata-i-formata-na-diplomata-upatstvoto-za-podgotovka-na-dodatok-na-diplomata-i-na-drugite-javni-ispravi
**4.4.Б.**DOKUMENTI\STANDARD 4\4.4. Уверение, додаток на диплома и диплома-Прв циклус.pdf
**4.4.В.**DOKUMENTI\STANDARD 4\4.4. Уверение, додаток на диплома и диплома-Втор циклус.pdf
**4.4.Г.**DOKUMENTI\STANDARD 4\4.4. Уверение, додаток на диплома и диплома-Трет циклус.pdf

# Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[2] | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Во однос на наставниот кадар на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во учебната 2023/24 година вработени се вкупно 14 лица и тоа 12 наставници избрани во наставно-научно звање редовен професор и 2 соработници избрани во соработничко звање асистент.

Според степенот на образование, наставниот кадар го сочинуваат 12 доктори на науки и 2 магистри на науки.

Во согласност со Правилникот за внатрешната организација на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, наставниот кадар е распределен во два Оддели, и тоа:
- Оддел за инженерство на мебел и дрво, со 5 редовни професори и 1 вонреден професор,
- Оддел за дизајн на мебел и ентериер, со 6 редовни професори и 2 асистенти.

Биографиите на ангажираниот наставен кадар се дадени во Прилог 5.1А, со вклучени информации за ппрофилот,, вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, работното искуство, податоци за научно-истражувачката работа на наставниците и соработниците.

Одлуките за избор во звања на наставниците и соработниците на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер се објавени на веб страната на факултетот (линкот до одлуките за избор и извештаите од рецензентските комисии, коишто се објавени во Билтенот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј, се прикажани во Прилог 5.1Б.

Во Прилог 5.1В прикажана е листа на предмети, кои поединечни наставници и соработници ги предавале на сите циклуси студии на Факултетот.

**Прилози:**
**Прилог 5.1.А** Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат
- Europass CV-Горан Златески
- Europass CV-Виолета Јакимовска Поповска
- Europass CV-Владимир Кољозов
- Europass CV-Елена Николљски Паневски
- Europass CV-Мира Станкевиќ Шуманска
- Europass CV-Зоран Трпоски
- Europass CV-Елена Јевтоска
- Europass CV-Ѓорги Груевски
- Europass CV-Живка Мелоска
- Europass CV-Борче Илиев
- Europass CV-Никола Михајловски
- Europass CV-Митко Нацевски
- Europass CV-Владимир Каранаков

2 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

• Europass CV-Нацко Симакоски
**Прилог 5.1.Б Одлуки за избор во звање**
http://www.fdtme.ukim.edu.mk/kadar/index.html
**Прилог 5.1.В** Преглед на предмети кои кадарот ги предава

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Наставниот кадар на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер објавува научно-истражувачки публикации во зборници од меѓународни академски собири и во списанија со меѓународен уредувачки одбор.
Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер е издавач на списанието „Wood Design & Technology" коешто е индексирано во базата на EBSCO, има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од повеќе од 3 земји. Најголем број објавени трудови на наставниот кадар се објавени во ова списание. Во Прилог 5.2В наведен е линкот листата на списанија индексирани во базата на EBSCO. Во прилог 5.2Г наведен е линкот до списанието „Wood Design & Technology".
Покрај тоа, Факултетот за дизајн и технологии е организатор на Меѓународна научна конференција "WOOD TECHNOLOGY & PRODUCT DESIGN", во чијшто програмски одбор има членови од повеќе од 3 земји. Конференцијата се организира на секои две години, со учество на академски автори од повеќе држави.
Во изминатиот петгодишен период наставниот кадар на Факултетот има објавено повеќе научно-истражувачки публикации, според години: во периодот 2019/2020 објавени се 3 публикации во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во базата на Ebsco и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку 3 земји и 14 публикации во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири, каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку 3 земји. Во 2020/2021 година објавени се 5 публикации во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во базата на Ebsco и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку 3 земји, во 2021/2022 година објавени се 5 публикации во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во базата на Ebsco и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку 3 земји и 10 публикации во зборник на научни трудови од академски собири, во 2022/2023 година објавени се 5 трудови во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во базата на Ebsco и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку 3 земји, во 2023/2024 година публикувани се 3 публикации во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во базата на Ebsco и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку 3 земји и 8 трудови во зборник на трудови од научна конференција.
Табелата со бројот на публикации во изминатите 5 учебни години е прикажана во Прилог 5.2.А.
Во Прилог 5.2.Б прикажана е листата на трудови на наставниците и соработниците на Факултетот, по азбучен ред од презимето на вработеното лице.

**Прилози**
Прилог 5.2А Број на објавени трудови во референтни научни публикации од страна на наставниот кадар
Прилог 5.2Б Листа на објавени трудови во референтни научни публикации (за секој наставник посебно)

- Список на трудови во референтни списанија со линкови - Ѓорги Груевски
- Список на трудови во референтни списанија со линкови - Горан Златески
- Список на трудови во референтни списанија со линкови - Борче Илиев
- Список на трудови во референтни списанија со линкови - Виолета Јакимовска Поповска
- Список на трудови во референтни списанија со линкови - Елена Јевтовска
- Список на трудови во референтни списанија со линкови - Владимир Каранаков
- Список на трудови во референтни списанија со линкови - Владимир Кољозов
- Список на трудови во референтни списанија со линкови - Живка Мелоска
- Список на трудови во референтни списанија со линкови - Никола Михајловски

- Список на трудови во референтни списанија со линкови - Елена Николъски Паневски
- Список на трудови во референтни списанија со линкови - Мира Станкевиќ Шуманска
- Список на трудови во референтни списанија со линкови - Нацко Симакоски
- Список на трудови во референтни списанија со линкови - Зоран Трпоски

Прилог 5.2В Линк до веб страната на EBSCO со листа на индексирани списанија
Прилог 5.2Г Линк до веб страната на Меѓународното научно списание „Wood Design & Technology“

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[3]; Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години; Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо); Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Наставата на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер се реализира преку четиригодишни студии од прв циклус, едногодишни студии од втор циклус и тригодишни студии од трет циклус.
Оптоварувањето на наставниот кадар е во согласност со Законот за Високо Образование, член 161, став 9 и 10, што подразбира дека наставниците не се ангажирани на повеќе од 4 предмети во текот на еден семестар, во студиите од прв циклус и 4 предмети на втор циклус студии.
Факултетот се придржува на одредбата за бројот на менторства на кандидати запишани на втор циклус студии (12 во една учебна година, по наставник, согласно член 135, став 15 од ЗВО), односно бројот на менторства на кандидати запишани на трет циклус студии (3 по наставник, согласно член 136, став 16 од ЗВО).
Во Прилог 5.3.А е прикажан е преглед на бројот на часови и предметите што наставниот кадар на Факултетот ги предава на сите три циклуси на студии. Фондот на часови за предавања, на прв циклус студии, се движи од 2 до 3 часа неделно.
Во однос на наставата на втор циклус студии, поради малиот број запишани студенти, реализацијата на наставниот процес вообичаено се изведува менторски. Истото може да се каже и за наставата на трет циклус на студии. Во Прилог 5.3.Б прикажани се одлуките за распоред на работи и работни задачи, одлуки за ангажман на наставниците во зимскиот и во летниот семестар, коишто се усвојуваат на Наставно-научниот совет.
Во Прилог 5.3.В прикажани се извештаи за реализирана настава на прв циклус студии.

Во Прилог 5.1.Б наведен е линкот до веб страницата на Факултетот, во делот што се однесува на наставниот кадар, каде што се поставени сите одлуки за избор воп звање на постојните наставници. Од тие информации може да се потврди дека факултетот има најмалку 10 лица избрани во наставно-научни звања вработени со полно работно време.

**Прилози**
Прилог 5.3А Преглед на предметите и бројот на одржаните часови на наставниот кадар на сите циклуси на студии
Прилог 5.3Б Одлуки за распоред и работни задачи
DOKUMENTI\STANDARD 5\5.3.  Одлука за наставен ангажман летен семестар 2023-2024.pdf
DOKUMENTI\STANDARD 5\5.3. Ангажман на наставниците во зимски семестар.pdf
DOKUMENTI\STANDARD 5\5.3. Одлука за усвојување на ангажман зимски семестар 2023-2024.pdf
DOKUMENTI\STANDARD 5\5.3. Ангажман на наставниците во летен семестар.pdf
Прилог 5.3В Извештаи за спроведена настава:
DOKUMENTI\STANDARD 5\Точка 5.3. Извештаи за одржана настава во зимски семестар 2023-24 год.pdf
DOKUMENTI\STANDARD 5\Точка 5.3. Извештаи за одржана настава-летен семестар 2023-24 год..pdf

3 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

Вработувањата на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер се реализираат во согласност со одредбите и условите што произлегуваат од Законот за Високо Образование. Постапката започнува со утврдување потреба од ангажирање наставен или соработнички кадар, во согласност со Правилникот за систематизација на работните места на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер (Прилог 5.4.А). По утврдената потреба за вработување, потребно е Министерството за образование и наука, како и Министерството за финансии да дадат согласност за вработување. Се распишува конкурс, којшто се објавува во два дневни весници. Во конкурсот се наведуваат: наставно-научното звање за кое се избира лицето, согласно меѓународната фраскатиева класификација на научно-истражувачките подрачја, полиња и области, видот и времетраењето на работниот однос, општите и посебните услови за избор и потребната документација за апликација на конкурсот. Рокот за аплицирање на конкурсот е 8 денови од објавата во дневниот печат. По истекот на предвидениот рок, Наставно-научниот совет на Факултетот формира рецензентска комисија која треба да ја оцени подобноста на пријавените кандидати за избор во наставно-научното или соработничкото звање. За оценка на подобноста на кандидатите, согласно критериумите за избор, се користат начелата наведени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 5.4.Б). Рецензијата за кандидатите кои се пријавиле на конкурсот се објавува во универзитетскиот билтен и се усвојува на Наставно-научен совет. Наставно-научниот совет, врз база на усвоената рецензија носи одлука за избор на пријавените кандидати во наставно-научните или соработничките звања, наведени во конкурсот. Во Прилог 5.4.В прикажан е преглед на лицата избрани во наставно-научни и соработнички звања на Факултетот, во последните 5 учебни години, со податоци за звањето во кое кандидатите се избрани, бројот на пријавени кандидати на конкурсот, датумот на избор и линк до билтенот во кој е објавена рецензијата на кандидатот. Рецензиите за избор на наставниците и соработниците на Факултетот се поставени на веб страницата на Факултетот (Прилог 5.4.Г). Одлуките за избор на наставниците и соработниците на Факултетот се поставени на веб страницата на Факултетот (Прилог 5.4.Д).

**Прилози**

Прилог 5.4А Правилник за систематизација на работните места на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер

Прилог 5.4.Б Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Прилог 5.4.В Преглед на лицата избрани во наставно-научни и соработнички звања на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер

Прилог 5.4.Г Линк до веб страницата на Факултетото каде што се поставени рецензиите и одлуките за избор на наставници и соработници на Факултетот за дизајн и технологиина мебел и ентериер

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

| |
|---|
| 1. Вкупна површина на просторот за изведување настава (бруто простор - простор за изведување настава и придружни простории) 3540 m². <br>2. Вкупна површина на просторот за изведување настава (нето простор) 2476 m². <br>3. Број на амфитеатри 2 со вкупно 300 седишта. <br>4. Број на предавални 9 со вкупен број на седишта 410 (наставата се изведува во 2 смени). <br>5. Број на компјутерски училници 2 со капацитет на вкупно 30 компјутерски места (наставата се изведува во 2 смени). <br>6. Број на лаборатории за изведување практична настава 8. <br>7. Читална со вкупен број на седишта 50 (30 m²). <br>8. Библиотека со вкупен број на седишта 50 (26 m²), во фаза на формирање. |
| **Прилози** <br>https://search.ebscohost.com/ <br>https://www.cambridge.org/core <br>https://www.openedition.org/ <br>https://www.ersjournals.com/ <br>https://compass.astm.org/ <br>https://www.elgaronline.com/browse?access=user&level=parent <br>https://msp.org/publications/journals/ <br>DOKUMENTI\STANDARD 5\5.5. Список на информатичка, лабораториска опрема и наставни средства.pdf |

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар. <br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма; <br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма . <br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години; <br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

| |
|---|
| Вработениот соработнички кадар на Факултетот при запишување и студирање на трет циклус докторски студии, се помага и мотивира така што студентот целосно се ослободува од плаќање на школарината. (Прилог 5.6.А) <br>Наставниците и соработниците што учествуваат на научни и/или стручни собири во земјата и странство, добиваат средства во висина од 500 евра, во денарска противвредност, за покривање на котизацијата, патните и дневните трошоци. (Прилог 5.6.Б). Тие средства наставниците можат да ги користат и за објавување на трудови во меѓународни научни списанија со фактор на влијание. <br>Во Прилог 5.6.В. наведена е листа на обуки/тренинзи на наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава. Може да се истакне дека во периодот на пандемијата со Ковид-19 Факултетот беше организатор на обуки за наставниот или соработничкиот кадар за користење на електронски платформи за комуникација и далечинско учење, како Microsoft Teams, Zoom (Прилог 5.6 В). За таа цел, администаторот на компјутерскиот систем реализираше обука и се стекна со сертификат за користење на Microsoft Teams и E-Learning (Прилог 5.6 Г). |
| **Прилози** <br>Прилог 5.6.А Одлука за ослободување од школарина за III циклус на соработници на факултетот <br>Прилог 5.6.Б Одлука за паричен надомест за наставен и соработнички кадар <br>Прилог 5.6 В Обука на наставниот кадар за користење на Microsoft Teams <br>Прилог 5.6 Г Сертификат за завршена обука за користење на Microsoft Teams for Education |

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години; <br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

| | |
|---|---|
| релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | |

Во извештајниот период, на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер е ангажиран еден визитинг професор, проф. д-р Игор Џинчиќ од Шумарскиот факултет во состав на Универзитетот во Белград, Република Србија, кој според Шангајската листа е рангиран на 301-400 место. Професорот Игор Џинчиќ е ангажиран за одржување на наставата по предметот "Технологија на мебел и финални производи", со неделен фонд од 4 настава, на студиските програми "Дизајн на мебел и ентериер" и "Инженерство на мебел и дрво" во зимскиот семестар во учебната 2023/2024 година. Одлуката за одобрување за одржување на наставата на професорот Игор Џинчиќ донесена на седница на Универзитетскиот сенат е дадена во Прилог 5.7.А. Биографските и професионални податоци на проф. Игор Џинчиќ можат да се погледаат преку линкот кој води до веб страницата на Шумарскиот факултет во Белград.

**Прилози**
Прилог 5.7.А Одлука за одобрение за изведување настава Игор Џинџиќ.pdf
Прилог 5.7.Б Линк кон страницата со податоци за проф. Игор Џинчиќ

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Во изминатиот период научно-истражувачката работа на наставниот кадар се спроведува преку учество во проекти, публикување на трудови во меѓународни научни списанија, учество на меѓународни академски собири, научни конференции.
Во согласност со Правилникот за користење на средства од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 5.8.А), на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер секоја година се финансира по еден научно-истражувачки проект од страна на Универзитетот. Овие проекти се наведени на веб страницата на Универзитетот (Прилог 5.8.Б). Во учебната 2019/20 година преку проектот "Истражување на можностите за примена на машините со компјутерско нумеричко управување за изработка на традиционални декоративни дрвени елементи за мебел и ентериер" финансиран од УКИМ набавена е опрема (CNC машина) којашто директно се користи во наставата за реализација на практичните вежби на студентите.
Во рамките на програмата Erasmus+, Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер ги одржува и ги обновува договорите за мобилност и меморандуми за соработка со Шумарскиот факултет при Универзитетот во Белград, Факултетот за шумарство и дрвна технологија при Универзитетот во Загреб, Биотехничкиот факултет во состав на Универзитетот во Љубљана, Високата школа за дрво и обликување во Марибор, Факултетот за шумарство, наука за дрвото и дизајн во состав на Универзитетот на Тесалија во Лариса, Факултетот за дрвна технологија при Шумарскиот универзитет во Софија.
Во учебната 2020/21 година на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во рамки на Еразмус+ програмата престојуваше студент на втор циклус студии од Факултетот за шумарство и дрвна технологија од Загреб, Хрватска.
Од 2012 година Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер е издавач на Списанието "International Journal of Wood Science, Design and Technology" (Прилог 5.8.В) коешто е индексирано во базата на Ebsco. Списанието излегува еднаш годишно и во него, покрај наставниот кадар, научни публикации објавуваат и студентите на втор и трет циклус студии.
Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер редовно на секои две години ја организира меѓународната научна конференција “Wood Technology & Product Design” (Прилог 5.8.Г). Конференцијата се организира од 2013 година и досега се одржани 6 конференции, со учество на наставниот кадар од Факултетот, студенти на трет циклус студии и научни автори од повеќе држави.
Информациите за организираните научни конференции, реализираните научно-истражувачки проекти, публикуваните зборници од конференциите, публикуваните научни списанија се наведени во годишните извештаи за работа на Деканот (Прилог 5.8.Д).

**Прилози**
Прилог 5.8.А Линк до веб страната на УКИМ (Правилник за користење на средства од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје)
Прилог 5.8.Б Линк до веб страната на УКИМ со листа на финансирани проекти

Прилог 5.8.В Линк до веб страната на списанието "International Journal of Wood Science, Design and Technology"
Прилог 5.8.Г Линк до веб страната на меѓународната научна конференција "Wood Technology & Product Design"
Прилог 5.8.Д Извештај за работа на деканот за едногодишниот период 16.03.2023-15.03.2024

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Реализацијата на наставата, предавањата, теоретските и практичните вежби на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер се врши со физичко присуство на наставниот кадар и студентите. Сепак, во периодот на пандемијата со Ковид-19, беа воведени поинакви наставни методи, при што се користеа можностите на платформите за далечинско учење и онлајн настава. Факултетот активно ја користеше можноста за лиценциран пристап до сервисите на Microsoft, при што се користеше платформата Microsoft Teams, преку која се оствaруваше конференциска врска на наставниците и студентите, се поставуваше применетата литература, се разменуваа документи поврзани со наставата и вежбите. Ова искуство од тој период продолжи и до денешниот ден, така што платформата MS Teams се користи за меѓусебна соработка на студентите и наставниците. Покрај тоа, се користат и други лиценцирани сервиси на Microsoft (платформата Sharepoint, Microsoft Forms).
Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер, ги користи и можностите за користење на едукативни лиценци од компанијата Autodesk, за сите наставници и студенти. Овие едукативни лиценци овозможуваат користење на целосно функционални верзии на програмскте пакети на Autodesk, како што се Autocad, 3DS Max, Autodesk Inventor, коишто студентите активно ги користат за реализација на задачи и проекти во наставата.
Примената на овие лиценцирани апликации овозможи и еден поинаков пристап во реализацијата на наставата, така што во периодот на пандемијата беше реализиран онлајн семинар на тема "Вовед во CNC Програмирање - Основи на програмскиот јазик 'G-Code'". (Прилог 5.9.А)
Во учебната 2022/23 година, во соработка со Факултетот за електротехника и информациски технологии, во Лабораторијата за производство ФЕИТ ФабЛаб беа реализирани студентски семинари за обука на тема "Вовед во CNC Програмирање - Основи на програмскиот јазик 'G-Code'" (Прилог 5.9.Б). Во реализацијата на семинарите, покрај ресурсите на Факултетот за електротехника и информациски технологии, беше употребена и CNC опрема набавена преку научен проект финансиран од Универзитетот. На семинарите заеднички учествуваа студенти од Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер и Факултетот за електротехника и информациски технологии.

**Прилози**
Прилог 5.9.А Линк до веб страната на онлајн семинарот "Вовед во CNC Програмирање - Основи на програмскиот јазик G-Code"
Прилог 5.9.Б Програма на семинарот "Вовед во CNC Програмирање - Основи на програмскиот јазик G-Code"

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |

Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер ги спроведува мерките за зачувување на академскиот интегритет и спречување на плагијаризам во согласност со Етичкиот кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Прилог 5.10.А).
Менторите на магистерски и докторски трудови ги проверуваат изработените трудови во платформата за проверка на плагијати plagijati.mon.gov.mk на Министерството за образование и наука на Р. С. Македонија (Прилог 5.10.Б). Во Прилог 5.10.В и Прилог 5.10.Г се поставени извештаи од спроведената проверка на магистерски трудови во системот plagijati.mon.gov.mk.
Во колку се констатира дека одреден труд е делумен или целосен плагијат, се формира дисциплинска комисија која што одлучува за понатамошните санкции кон кандидатот. До сега на Факултетот не е констатиран плагијат.

**Прилози**
Прилог 5.10.А Линк до Етичкиот кодекс на УКИМ
Прилог 5.10.Б Линк до веб страната http://plagijati.mon.gov.mk/
Прилог 5.10.В Извештај за проверка на магистерски труд изработен од кандидатот Бојан Рабаџиски

Прилог 5.10.Г Извештај за проверка на магистерски труд изработен од кандидатот Кристина Сушелска

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Научно-истражувачката работа, покрај наставно-образовната и стручно-апликативната работа е основна дејност на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер. Факултетот ја реализира научно-истражувачката дејност во согласност со Статутот на Факултетот (Прилог 5.11.А), Правилата за начинот и постапката за подобрување на видливоста и препознатливоста на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Акционен план на активности и индикатори (Прилог 5.11.Б), Законот за Високото Образование (Прилог 5.11.В). Покрај тоа, научно-истражувачката работа се следи преку поднесување на годишниот извештај за работа на Деканот (Прилог 5.8.Д). Научно-истражувачката работа на наставниот кадар се следи и преку објавување на сите публикувани научни и стручни трудови на веб страната на факултетот (Прилог 5.11.Д). Факултетот ги охрабрува наставниците и соработниците да ги внесуваат своите публикации во интернет базите Research Gate, Google Scholar, за да се постигне поголема видливост на Факултетот и Универзитетот.
Промовирањето на научно-истражувачката работа на наставниот кадар на Факултетот се врши и преку публикување во меѓународното научно списание "Wood Design & Technology" (Прилог 5.8.В) и учество на меѓународната научна конференција "Wood Technology & Product Design" (Прилог 5.8.Г).

**Прилози**
Прилог 5.11.А Линк до Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер
Прилог 5.11.Б Правила за начинот и постапката за подобрување на видливоста и препознатливоста на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Акционен план на активности и индикатори
Прилог 5.11.В Закон за високото образование
Прилог 5.11.Г Линк до веб страницата на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер
Прилог 5.11.А Линк до Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |

Унивезитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ја следи, подобрува и помага научно-истражувачката работа, а со тоа и нејзините единици. Во рамките на научно-истражувачката работа Универзитетот секоја година доделува средства за научни проекти на сите свои единици. Следејќи ја традицијата на УКИМ, Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во 2025 година има намера (зависно од финансиските можности) да отпочне со финансирање на научно-истражувачки проекти за сопствениот наставен кадар.

**Прилози**
https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=183&glavno=41
https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=146&glavno=41

## Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа) |

Финансирањето на активностите за учење и настава на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер се врши со средства од Министарството за образование и наука и од сопствени приходи.
Факултетот, секоја година, од приходите од партиципација издвојува најмалку 40% за осовременување на активностите за учење и за поддршка на научноистражувачката дејност. Во наредната табела се наведени средствата издвоени за таа намена во изминатите 3 години

| Година | Приходи од партиципација на студенти (денари) | Средства наменети за осовременување на активностите за учење и поддршка на научно-истражувачката дејност (40%) | Средства за осовременување на активностите за учење | Средства за поддршка на научно-истражувачка дејност |
|---|---|---|---|---|
| 2023 | 2.315.911,00 | 926.364,00 | 876.062,00 | 53.526,00 |
| 2022 | 2.587.140,00 | 1.034.856,00 | 60.000,00 | 974.856,00 |

Од средствата што се наменети за осовременување на активностите за учење Факултетот редовно инвестира во активности за подобрување на условите за настава и учење. Во изминатиот период се спроведе реновирање на просториите за настава, набавена е нова опрема за видео проекција во сите простории во коишто се одржува наставата.
Факултетот редовно секоја година објавува повик за финансирање на научно-истражувачки проекти, финансиран од Унивезитетот „Св. Кирил и Методиј“.

**Прилози**
**ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ПОСЛЕДНИ 5 ГОДИНИ?**
http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/zavrsna_smetka-2023-603.pdf
http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/zavrsna_smetka-2023-788.pdf
http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/zavrsna_smetka-2022-603.pdf
http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/zavrsna_smetka-2022-788.pdf
http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/zavrsna_smetka-2021-603.pdf
http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/zavrsna_smetka-2021-788.pdf
http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/zavrsna_smetka-2020-603.pdf
http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/zavrsna_smetka-2020-788.pdf
http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/zavrsna_smetka-2019-603.pdf
http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/zavrsna_smetka-2019-788.pdf
DOKUMENTI\STANDARD 6\6.1. Одлука за паричен надомест за наставен и соработнички кадар (1).pdf

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите; |

| | |
|---|---|
| посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

Ресурсите со кои што располага Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер се следните:

| | |
|---|---|
| 1. Вкупна површина на просторот за изведување настава (бруто простор - простор за изведување настава и придружни простории) | 3500 m2 |
| 2. Вкупна површина на просторот за изведување настава (нето простор) | 2436 m2 |
| 3. Број на амфитеатри со број на седишта | 2 со вкупен број на седишта 300 |
| 4. Број на предавални со вкупен број седишта | 9 со вкупен број на седишта 410 |
| 5. Број на компјутерски училници со вкупен број на комп. места | 2 со вкупен број комп. места 30 |
| 6. Број на лаборатории за изведување практична настава | 7 со вкупен број на седишта 145 |
| 7. Библиотека (библиотечен фонд) вкупен број на наслови | околу 7000 |
| 8. Читална со вкупен број на седишта вкупен број на седишта | 50 |

Факултетот располага со две функционални компјутерски училници со 30 компјутерски места, коишто се користат во наставата, а целосно се достапни за студентите, за изработка на нивни проекти и задачи. Просторот на факултетот е покриен целосно со бежичен интернет, кој што е бесплатно достапен за студентите.

Просториите на Факултетот се делумно погодни за пристап на лица со посебни потреби. Најголем дел на просториите на Факултетот се наоѓаат на третиот кат од објектот којшто заеднички се користи со Факултетот за земјоделски науки и храна. Објектот нема лифт и не е пристапен за лица со физичка попреченост, тие единствено можат да пристапат до Амфитеатрите во приземјето и Лабораторијата за тестирање на мебел, која што е сместена во посебен објект.

**Прилози**

DOKUMENTI\STANDARD 6\6.2.Список на простории со површина со кои располага Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер.docx

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

Стручните и административните служби на факултетот се постојано и целосно на располагање на студентите. Покрај директната комуникација, овозможена е комуникација по телефон и електронска пошта. Сите информации, новини, барања, документи се прикачени на веб страната на Факултетот. Со овие служби се поделени во неколку одделенија - секретар на Факултетот, Одделение за студентски прашања, Одделение за финансиско, материјално и сметководствено работење, Одделение за правни и општи работи.

Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби.

Вонредните и вработените студенти во комуникација со административните служби и наставниот кадар ги организираат и координираат своите активности, преку телефон и електронска пошта. Службите и наставниот кадар се флексибилни и им излегуваат во пресрет на нивните рационални барања.

Просториите на Факултетот се делумно погодни за пристап на лица со посебни потреби. Најголем дел на просториите на Факултетот се наоѓаат на третиот кат од објектот којшто заеднички се користи со Факултетот за земјоделски науки и храна. Објектот нема лифт и не е пристапен за овие лица, тие единствено можат да

пристапат до Амфитеатрите во приземјето и Лабораторијата за тестирање на мебел, која што е сместена во посебен објект.

| | Број на вработени | Степен на образование | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | ОО |
| Секретар | 1 | 1 | - | - |
| Одделение за студентски прашања | 1 | 1 | - | - |
| Одделение за финансиско, материјално и сметководствено работење | 2 | 1 | 1 | - |
| Одделение за правни и општи работи | 1 | - | 1 | - |
| Помошно технички персонал | 2 | - | 1 | 1 |

Во прилозите 6.3Б до 6.3 Ѕ се наведени вработените во помошниот и административниот кадар коишто посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатиот период.

**Прилози**
Прилог 6.3А Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции
DOKUMENTI\STANDARD 6\6.3. Збирен преглед на ненаставен.pdf
Прилог 6.3Б STANDARD 6\6.3. Sertifikat Aleksandra Kraljevska.pdf
Прилог 6.3В STANDARD 6\6.3. Sertifikat Marija Trpkovska (1).pdf
Прилог 6.3Г STANDARD 6\6.3. Обука-Анастасија Темелкова.pdf
Прилог 6.3Д STANDARD 6\6.3. Сертификат-Катерина Лембовска 18.05.2023.pdf
Прилог 6.3Ѓ STANDARD 6\6.3. Сертификат-Катерина Лембовска 18.10.2022.pdf
Прилог 6.3Е STANDARD 6\6.3. Сертификат-обука-Катерина Лембовска 1.04.2019.pdf
Прилог 6.3Ж DOKUMENTI\STANDARD 6\6.3. Потврда обука Софија Неделкоска.pdf
Прилог 6.3Ѕ DOKUMENTI\STANDARD 6\6.3. Потврда за положен испит за јавни набавки Софија Неделкоска (1).pdf

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Факултетот го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачките проекти, преку нивно ангажирање како соработници во научноистражувачки проекти финансирани од Факултетот и Универзитетот, учество на научно-истражувачки конференции, објавување на трудови во научни списанија.

На конференцијата “WOOD TECHNOLOGY & PRODUCT DESIGN”, одржана во 2023 година во организација на Факултетот за дизајн и технологија на мебел и ентериер учествуваа 6 студенти од III циклус студии (Прилог 6.4Б)

**Прилози**
STANDARD 6\6.4. Достава на пријава НИП 2021-2022 Бахчеванџиев (1).pdf
STANDARD 6\6.4. Пријава за нучноистражувачки проект 2023-2024 конечен.pdf
STANDARD 6\6.4. Пријава на НИП 2022-2023, ФДТМЕ (1).pdf

https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/NIP2021-22.pdf
https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/NIP2022-23.pdf
https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/NIP2023-24.pdf
Прилог 6.4Б Учество на студенти од III циклус на научна конференција

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години; |

| | |
|---|---|
| нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |

Студентите на Факултетот имаат на располагање поддршка преку Центарот за кариера на Факултетот, кој им овозможува поддршка во организирањето на задолжителната практична настава, им помага на студентите да ги планираат, идентификуваат и имплементираат нивните цели на кариерата, ја поттикнува и ја организира волонтерската работа на студентите, ги информира студентите за програмите за мобилност и го координира и помага нивното конкурирање за студиски престој на високообразовните институции во ЕУ, нуди подготовка на мотивациско писмо, презентација на квалификации, вештини, лични карактеристики и сл., одржува настани кои им овозможуваат на студентите да создадат контакти и интервјуа со работодавците, организира посети на студентите во компаниите/институциите, поттикнува и одржува континуирани партнерства со работодавците во Република Македонија.
Бројот на студенти кои добиле поддршка во изминатите 5 години изнесува околу 600.

**Прилози**
http://www.fdtme.ukim.edu.mk/kariera

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Факултетот има формиран Одбор за поддршка на студенти кои се дипломирани, магистрирани и докторирани на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер (Алумни). Во одборот членуваат сите дипломирани студенти на Факултетот.
На веб страницата на Алумни одборот на ФДТМЕ е поставена форма-образец во кој што дипломираните студенти можат да ги оставаат своите информации за контакт, податоци за моменталното вработување.
Работата на овој одбор во иднина треба да се подобри, за да се активираат сите поранешни студенти во функција на развој на Факултетот.

Прилог 6.6 Веб страница на одборот за поддршка на студенти (Алумни) на ФДТМЕ

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |

Студентите активно учествуваат во управувањето преку нивни претставници во телата на Факултетот. Претседателот на Факултетското студентско собрабие е по функција член на Деканатска управа на факултетот. Во наставно-научниот совет на Факултетот се делегирани два студенти (најмалку 10% од вкупниот број на членови на Наставно-научниот совет). Студентите имаат свои претставници во разни комисии, како што се Комисија за самоевалуација, Совет за квалитет и сл.
Студентите се организирани во Факултетско студентско собрание, во кое што членуваат 16 студенти и претседател. Факултетот им овозможува активно да ги спроведуваат сите активностите, од избор на членови и претседател, до поддршка на општествени, културни и спортски активности.
Реализацијата на културните и спортските активности Факултетот ја поддржува со доделување на финансиски средства и спонзорства за учество на студенти и студентски екипи на различни настани од тој тип. (Прилог 6.7Ѓ)

**Прилози**
Прилог 6.7А DOKUMENTI\STANDARD 6\6.7. Комисија за самоевалуација, ФДТМЕ_0001 (2).pdf
Прилог 6.7Б DOKUMENTI\STANDARD 6\6.7. Одлука за верификување мандат претседател ФСС (1).pdf
Прилог 6.7В DOKUMENTI\STANDARD 6\6.7. Одлука за студенти во ННС (1).pdf
Прилог 6.7Г DOKUMENTI\STANDARD 6\6.7. Совет за квалитет, ФДТМЕ_0001.pdf
Прилог 6.7Д DOKUMENTI\STANDARD 6\6.7.Одлука за избор на членовите во студентско собрание.pdf
Прилог 6.7Ѓ DOKUMENTI\STANDARD 6\6.7. Одлука за доплата за спортски активности на студенти.pdf
Прилог 6.7Е DOKUMENTI\STANDARD 6\6.7. Записник за ФСС.pdf

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

Факултетот за дизајн и технологија на мебел и ентериер ги информира студентите за услугите и можностите кои им стојат на располагање во процесот на студирање преку повеќе форми.
Сите информации редовно се објавуваат и се ажурираат на веб страницата на факултетот, во деловите „Најнови вести и збиднувања“ (Прилог 6.8А) и „Огласна табла“ (Прилог 6.8Б)
Системот за студентска евиденција IKNOW активно се користи за информирање на студентите, преку праќање на групни и поединечни пораки. Оваа можност за информирање на студентите ја користат наставниците и соработниците, како и Одделението за студентски прашања. Некои позначајни активности и настани се промовираат и преку социјалните мрежи како Facebook, Instagram (Прилог 6.8В).
Факултетот активно учествува во настанот „Отворен ден на УКИМ“, којшто се организира за промоција на факултетите за запишување на нови студенти.

**Прилози**
Прилог 6.8А Веб страница на ФДТМЕ
Прилог 6.8Б Огласна табла на ФДТМЕ
Прилог 6.8В Фејсбук страница на ФДТМЕ

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |

Факултетот редовно прибира, анализира и користи информации за успешно спроведување на студиските програми.

За постигнување на таа цел активно се користи IKNOW системот (iknow.ukim.mk - Прилог 7.1.А), со кој што се врши администрирање на студентските досијеа, и во којшто се внесени податоци за студентите, наставниот кадар, студиските програми. Во системот се внесени податоци за бројот на запишани студенти, информации за напредувањето на студентите во текот на студиите, просечниот успех на студиите. Сите корисници на системот имаат одредено ниво на пристап, почнувајќи од студенти, наставен кадар, соработници, административни служби на факултетот, според што имаат и пристап до одредени информации, коишто можат да ги користат за анализа и спроведување на студиските програми. Наставниот кадар на факултетот го користи репозиториумот на научни трудови и публикации преку системот „Ризница на научни трудови на УКИМ“ (Прилог 7.1.Б).

**Прилози**

Прилог 7.1.А Линк до iKnow системот

Прилог 7.1.Б Линк до репозиториумот на УКИМ

| | |
|---|---|
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |

На Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер редовно се прибираат и анализираат информации релеватнтни за профилот на факултетот. Овие податоци најчесто се добиваат од IKNOW системот, од каде што се анализира успехот на студентите по студиски програми, по години на студирање и година на запишување. Се анализира проодноста по предмети, бројот на дипломирани студенти како и просечно време на завршување на студиите. Податоците од IKNOW системот ги користат студентите, наставниот кадар и административните служби. Вклученоста на студентите анализата на квалитетот на факултетот се одвива преку студентски анкети и формулари. Извештаите од анализите на овие податоци ги анализираат телата на факултетото, факултетската управа и наставно-научниот совет.

**Прилози**

Прилог 7.2.А Линк до iKnow системот

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

<table>
<tr><td>настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата.</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Сите информациите за значајни настани, активности, процеси и можности се јавно објавени на веб страницата на Факултетот: www.fdtme.ukim.edu.mk</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 7.3А Меѓунардно списание 'International journal of wood science, design and technology'<br>Прилог 7.3Б Меѓународна конференција 'WOOD TECHNOLOGY & PRODUCT DESIGN'<br>Прилог 7.3В Семинари во организација на Факултетот<br>Прилог 7.3Г Центар за истражување и развој во дрвната индустрија<br>Прилог 7.3Д Центар за кариера<br>Прилог 7.3Ѓ Алумни на ФДТМЕ</td></tr>
<tr><td>7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни.</td><td>Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">До личните податоци на студентот, досието, подигнување на документи, поднесување на документи и др., со доказ (индекс, лична карта) пристап има само студентот или лице кое има полномошно заверено на нотар.<br>www.fdtme.ukim.edu.mk<br>iknow.ukim.edu.mk</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=168&glavno=32</td></tr>
</table>

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |

Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер објавува информации за сите активности поврзани со наставно-образовната и научно-истражувачката дејност на својата веб страница (Прилог 8.1.А). Овие информации детално се проверуваат пред да се објават, редовно се ажурираат и се достапни за сите заинтересирани. Факултетот активно соработува со неколку медиумски портали што се занимаваат со објавување информации од областа на образованието и науката (www.umno.mk, www.fakulteti.mk - Прилог 8.1.В), кадешто редовно објавува статии и информации поврзани со актуелни настани и активности. Покрај овие форми, факултетот ги користи и социјалните мрежи (Facebook, Instagram - Прилог 8.1.Б) за објавување на информации и и промоција на активности. Факултетот активно учествува на настанот "Отворен ден" во организација на УКИМ. За информирање на потенцијални новозапишани студенти факултетот организира промотивни посети за презентација на студиските програми во средните училишта во државата.

**Прилози**

Прилог 8.1.А Веб страница на факултетот (http://www.fdtme.ukim.edu.mk/)
Прилог 8.1.Б Фејсбук страница на факултетот (www.facebook.com/fdtme)
Прилог 8.1.В Интервју со деканот на порталот umno.mk

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;<br>2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;<br>3. Актот за систематизација;<br>4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет;<br>5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;<br>6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот,<br>7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година,<br>8. Завршна сметка,<br>9. Годишен извештај,<br>10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;<br>11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови;<br>12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и<br>13. Етичкиот кодекс. |

Сите потребни информации за активностите поврзани со реализацијата на студиските програми, критериумите и условите за запишување, целите на учењето и квалификациите со кои студентите се стекнуваат се објавени на веб страницата на Факултетот. Во согласност со член 21 став 3 од ЗВО, јавно се објавени следните информации:

1. Статут на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер
2. Решенија за акредитација на студиските програми за I, II и III цциклус
3. Акт за систематизација
4. Деловник за работа на наставно-научниот, односно научниот совет
5. Правилник за плати и надоместоци на единицата
6. Извештаи за избор во звање на наставници и соработници
7. Распоред на тековни обврски во учебната година
8. Завршна сметка
9. Годишен извештај
10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;
11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови;
12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и
13. Етички кодекс

Покрај овие информации, факултетот ги објавува информациите за студиските програми од I, II и III циклус, коишто се поставени на веб страницата на Факултетот (Прилог 8.2.А) и условите и критериумите за запишување, (Прилог 8.2.Б). Во описот на студиските програми наведени се предвидените цели од учењето, квалификациите со коишто студентите се стекнуваат како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, условите за учење кои им се на располагање на студентите (Прилог 8.2.А)

**Прилози**

Прилог 8.2А Информации за I, II и III циклус на студии
Прилог 8.2Б Критериуми и услови за запишување
Прилог 8.2В Статут на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер
Прилог 8.2Г Решенија за акредитација на студиските програми од I, II и III циклус
http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/akreditacija_DME_prvciklus-2023.pdf
http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/akreditacija_IMD_prvciklus-2023.pdf
http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/akreditacija_DTME_vtorciklus-2023.pdf
http://www.fdtme.ukim.edu.mk/za/docs/akreditacija_DTME_tretciklus.pdf
Прилог 8.2Д Акт за систематизација
Прилог 8.2Ѓ Деловник за работа на наставно-научниот, односно научниот совет
Прилог 8.2Е Правилникот за плати и надоместоци на единицата;
Прилог 8.2Ж Извештаи за избор во звање на наставници и соработници
Прилог 8.2Ѕ Распоред на тековни обврски во учебната година
DOKUMENTI\STANDARD 8\8.2. Ангажман зимски семестар.pdf
DOKUMENTI\STANDARD 8\8.2. Ангажман летен семестар.pdf
Прилог 8.2И Завршна сметка
Прилог 8.2Ј Годишен извештај
Прилог 8.2К Прифатени теми за изработка на магистерски трудови
Прилог 8.2Л Прифатени теми за изработка на докторски трудови
Прилог 8.2М Акти кои ги носи единицата согласно други закони
Прилог 8.2Н Етички кодекс

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер редовно ги објавува информациите поврзани со одбрани на магистерски трудови и докторски дисертации.

Публикациите во однос на научно-истражувачката работа на наставно-научниот кадар се објавуваат на веб страницата на факултетот, за секој наставник и соработник поединечно.

**Прилози**

| |
|---|
| Прилог 8.3А - Информации за одбрана на магистерски трудови<br>Прилог 8.3Б - Информации за одбрана на докторски дисертации<br>Прилог 8.3В - Информации за публикации на наставниот кадар |

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер овозможува на студентите мобилност во текот на студиите врз основа на повеќе програми, проекти и билатерални договори со високообразовни институции од повеќе земји. Студентите можат да ја користат програмата Еразмус плус за реализација на мобилност во сите три циклуси на студии. Факултетот има потпишано билатерални договори за мобилност и меморандуми за соработка со Шумарскиот факултет при Универзитетот во Белград, Факултетот за шумарство и дрвна технологија при Универзитетот во Загреб, Биотехничкиот факултет во состав на Универзитетот во Љубљана, Високата школа за дрво и обликување во Марибор, Факултетот за шумарство, наука за дрвото и дизајн во состав на Универзитетот на Тесалија во Лариса, Факултетот за дрвна технологија при Шумарскиот универзитет во Софија. Договорите со овие партнери редовно се обновуваат, а се разговара и со нови институции за воспоставување на соработка. Мобилноста на студентите активно ја поддржува и реализира Центарот за кариера на Факултетот, во насока на информирање на студентите, воспоставување на контакти со високообразовните институции во странство, спроведување и следење на целиот процес на апликација на студентите. За жал, интересот на студентите е исклучително мал за реализација на овие програми за мобилност. | |
| **Прилози**<br>Прилог 9.1.А Број на студенти кои користеле мобилност за сите циклуси на студии<br>Прилог 9.1.Б Листа на студенти кои користеле мобилност<br>Прилог 9.1.В Центар за кариера при ФДТМЕ<br>Прилог 9.1.Г Акти на факултетот<br>Прилог 9.1.Д Информации за прв, втор и трет циклус на студирање | |
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |
| | |
| **Прилози**<br>STANDARD 9\9.4. Memorandum za sorabotka so Zagreb (1).pdf<br>STANDARD 9\9.4. Memorandum za sorabotka so Brno.pdf<br>DOKUMENTI\STANDARD 9\9.2. Анекс на договор за соработка Белград.pdf<br>DOKUMENTI\STANDARD 9\9.2. Меморандум за разбирање Грција.pdf<br>DOKUMENTI\STANDARD 9\9.2. Меморандум за разбирање Љубљана.pdf<br>DOKUMENTI\STANDARD 9\9.2. Меморандум за разбирање Софија.pdf | |

<table>
<tr><td>9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн.</td><td>Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот за вработените кои патуваат со цел проширување на меѓународната соработка им ги покрива патните и дневните трошоци.<br>Нема посебно планирани финансиски средства. Во склоп на проширувањето на меѓународна соработка наставниот кадар од Факултетот поттикнува учествува на меѓународни конференции, разни интеркатедарски состаноци, средби и т.н.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>http://www.fdtme.ukim.edu.mk/en/conference-2023<br>http://www.fdtme.ukim.edu.mk/en/wood_journal<br>http://www.fdtme.ukim.edu.mk/en/conference-2023</td></tr>
<tr><td>9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети.</td><td>Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот соработува со повеќе факултети од регионот и пошироко, со коишто има потпишани билатерални договори за мобилност и меморандуми за соработка, како што се Шумарскиот факултет при Универзитетот во Белград, Факултетот за шумарство и дрвна технологија при Универзитетот во Загреб, Биотехничкиот факултет во состав на Универзитетот во Љубљана, Високата школа за дрво и обликување во Марибор, Факултетот за шумарство, наука за дрвото и дизајн во состав на Универзитетот на Тесалија во Лариса, Факултетот за дрвна технологија при Шумарскиот универзитет во Софија. Во рамките на овие договори се остварува соработка преку посета на визитинг професори, учество на заеднички конференции, учество во комисии за одбрана на дисертации.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>STANDARD 9\9.4. Memorandum za sorabotka so Zagreb (1).pdf<br>STANDARD 9\9.4. Memorandum za sorabotka so Brno.pdf<br>DOKUMENTI\STANDARD 9\9.2. Анекс на договор за соработка Белград.pdf<br>DOKUMENTI\STANDARD 9\9.2. Меморандум за разбирање Грција.pdf<br>DOKUMENTI\STANDARD 9\9.2. Меморандум за разбирање Љубљана.pdf<br>DOKUMENTI\STANDARD 9\9.2. Меморандум за разбирање Софија.pdf<br>https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=169&glavno=42<br>http://www.fdtme.ukim.edu.mk/en/wood_journal<br>http://www.fdtme.ukim.edu.mk/en/conference-2023</td></tr>
<tr><td>9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува.</td><td>Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Во реализација на наставата на прв циклус, во учебната 2023/24 година наставата по предметот 'Технологија на</td></tr>
</table>

| |
|---|
| мебел и финални производи' учествуваше проф. д-р Игор Џинџиќ, редовен професор на Шумарскиот факултет во Белград.(Прилог 9.5А и Прилог 9.5Б). Во наставата беа вклучени 185 студенти на студиските програми Дизајн на мебел и ентериер и Инженерство на мебел и дрво. Како член на комисија за одбрана на докторска дисертација, во учебната 2024/25 вклучен е проф. д-р Младен Фуртула, редовен професор на Шумарскиот факултет во Белград.<br>Во однос на странските студенти, на првиот и вториот циклус нема запишани странски студенти, а на третиот циклус се запишани 2 странски студенти, на студиската програма Дизајн и технологии на мебел и ентериер. (Прилог 9.5А) |
| **Прилози**<br>Прилог 9.5.А Број на наставен кадар, број на странски наставници, број на странски студенти<br>Прилог 9.5.Б Листа на наставници од странство |

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
|---|
| Во овој дел може да се достават дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| Реалните состојби во индустријата за производство на мебел и ентериер укажуваат на постојана потреба од квалитетни кадри подготвени да се соочат со предизвиците и да ги решаваат проблемите на стопанството.<br>Во тој контекст би ги спомenале воведувањето на се посфистицирани технологии во праработката и обработката на дрвото, методи во дизајнирањето на мебел и ентериер, развојот на архитектурата и градежништвото, збогатувањето на културата на живеење, внесувањето на современи материјали за производство на мебел и ентериери, влегувањето на недрвните материјали во мебелното производство, навлегувањето на современи композити на основа на дрво и недрвни матреријали во производството на мебел, како и други промени кои се одвиваа во изминатиот период, покажуваат дека квалитетните кадри се најважниот сегмент за успешна примена на современи сознанија во оваа стопанска дејност. Од тие причини, магистрите од оваа област се подготвени за стекнување на нови сознанија, воведување на нови технологии и материјали во производството на мебел, вградување на антропометриски и организациони елементи во дизајнирањето и уредувањето на животниот и работниот простор, нови материјали во производството на мебел и ентериери, за пазарно стопанисување на компаниите, но и во администрацијата, која треба да овозможи унапредување на законодавството во оваа област и регулирање на домашниот пазар со дрвноиндустриски производи и отсуство на нелојална конкуренција. Завршените студенти од оваа студиска програма се компетентни и со доволни знаења за да се вклучат во наставно образовниот процес во средното и високо образование од оваа област. |
| |

**Изјава**

Под полна материјална и кривична одговорност јас, проф. д-р Ѓорги Груевски со ЕМБГ 0305978450178, одговорно лице во високообразовната установа Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје за периодот-учебна 2023/2024 година се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

Ѓорги Груевски

(име и презиме)

(своерачен потпис)

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер Скопје Република Северна Македонија

Јас, НОТАР Дарко Стојкоски
за подрачјата на Основните Судови на Град Скопје

Потврдувам дека
за Универзитет „св. Кирил и Методиј" - Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, Скопје, ул. 16-та Македонска Бригада бр. 3 Скопје - Гази Баба, Гази Баба, Скопје, ЕМБС: 6662498, ,застапникот по закон Ѓорги Груевски, ул.Багдадска бр.18-6, Скопје, во мое присуство своерачно го потпиша писменото, Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта бр.: А1765257Издадена од МВР Скопје

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 50 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 100 денари.

Број УЗП 12417/2024

Во Скопје 04.07.2024

НОТАР

Дарко Стојкоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОМОШНИК - НОТАР
МАРИЈА КРСТЕВСКА МАЛОВСКА
за подрачјето на основните судови на градот Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ДАРКО СТОЈКОСКИ
СКОПЈЕ